СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 02-06/107
29. 4 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Сл весник на РМ" бр 98/2012 .....275/2019 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 29.04.2021 година донесе:

# ОДЛУКА

## за времено определување на висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртна помош

### Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, изнесува 140,00 денари за период од 1 јуни до 31 декември 2021 година, заради зголемен број на починати корисници на пензија, а со цел благовремена исплата на посмртната помош на членовите на семејствата, на починат пензионер.

### Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 30.000 денари.

### Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

### Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош ("Сл весник на РМ" бр 17/2021).

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јуни до 31 декември 2021 година.

Одбор на Регистрирана организација за

солидарен фонд и членарина

Претседател,

Ментор Ќоку